# ВО ПРЕСРЕТ НА

*....А ние, испитувајќи го крајот на светиите, да се угледаме на нивниот став и на нивното однесување. И тоа, со ништо друго освен со поправање, смирение и покајание, оти, додека едни работи се големи и возвишени, и им приличат само на големите, коишто можат да ги подражаваат, некои други пак, никој не може да ги подражава. Поправањето пак, со покајание, ни прилега нам, бидејќи секој од нас секојдневно прави многу прегрешенија, така што нема од каде до нас да допре спасоносната надеж, освен ако не се обезбедиме со непрекинато покајание.* (Свети Григориј Палама, беседа на денот на Светите апостоли Петар и Павле)



Живот во безмолвие и пустина возљуби, и тргна по Христа, твојот женик. Во младоста на себе го зеде Неговиот благ јарем, со знакот на Крстот храбро се вооружи против духовните непријатели, и со подвиг на пост, молитва и солзи го изгасна, славна Параскево, жарот на страстите. Во небесните дворци сега заедно со мудрите девственици пред Христа стоејќи, моли се за нас кои го почитуваме чесниот твој спомен.

Света Петка, чијшто ден Црквата го празнува на 14/27 октомври, е особено омилена и почитувана светителка кај верниот народ низ сето Православие. Во календарот на светиите се забележани уште две светителки под ова име, и тоа на 26 јули/8 август и на 28 октомври/10 ноември. Во продолжение можете да ја проследите историјата на нивните свети животи исполнети со христољубивост што ги надминала границите на овоземното. „Параскавија“, на грчки ‘παρασκευη’ значи *подготовка*: така се вика шестиот ден во седмицата, а во христијанството е денот на распнувањето на Господ Исус Христос. Според еврејскиот закон, саботата е ден кога ништо не смее да се работи, а подготовките за тој ден се извршуваат еден ден порано - во петок, и оттука овој ден е наречен *параскивија* - подготвување.

# СВЕТА ПЕТКА

Преподобна Параскева (Петка) 14 / 27 октомври

Оваа славна светителка се роди во градот Епиват, меѓу Силинаврија и Цариград. Родителите ѝ беа богати и благочестиви христијани, а освен неа имаа и еден син, Ефтимиј, кој за време на животот се замонаши и подоцна стана угледен епископ Малитски. По смртта на родителите девицата Петка желна за подвижнички живот го напушти родителскиот дом и отиде најнапред во Цариград, а потоа во Јорданската пустина, каде што се подвизуваше до својата старост. Кој може да ги искаже сите трудови и страдања и демонски искушенија што ги претрпе преподобната во долгата низа години? На старост еднаш ѝ се јави ангел Божји и ѝ рече: „Остави ја пустината и врати се во твојата татковина, таму треба да ѝ го предадеш телото на земјата, а со душата ќе се преселиш кај Господ.“ Света Петка го послуша небесниот глас, ја остави својата омилена пустина и се врати во Епиват. Тука поживеа уште две години, повторно во непрестаен подвиг на молитва и пост, а потоа Му го предаде својот дух на Бога. Се упокои во 9 век. Нејзините чудотворни мошти низ вековите беа пренесувани: во Цариград, во Трново, па пак во Цариград, па во Белград. Сега се наоѓаат во Романија, во градот Јаши. Во Белгард постои вода (агијазма) на Света Петка, којашто чудотворно ги лечи сите болни што ѝ притекнуваат со вера во Бога и со љубов кон светителката.



***Св. Петка**, о. Теофил, икона*

*Владиката Христос ни ги даде моштите на светителите како спасоносни извори, од коишто на многу начини истекуваат благодејанија и миризливо миро: и никој нека не се сомнева во тоа. Оти, ако по волјата Божја од остриот и сув камен потече вода во пустината, и ако потече и од вилицата на магарето кога Самсон ожедне, зарем е неверојатно од моштите на мачениците да потече миро? Воопшто не, за оние што ја познаваат силата Божја и честа што Тој им ја укажува.*

**Свети Јован Дамаскин**

# СВЕТА ПЕТКА



**Преподобната маченичка Параскева (26 јули)**

Родена е во Рим од родители христијани. Од детството научена на верата во Христа. Најусрдно ревнуваше да ги делотвори сите Божји заповеди. Со сведоштвото на нејзиниот вистински благочестив живот и вера упатуваше на патот на спасението и други. Кога ѝ умреа родителите, им го раздаде имотот на сиромасите, а самата се замонаши.

Како монахиња со уште поголема ревност ја проповедаше верата во Христа не криејќи ја од никого, иако во тоа време римските власти крваво ја гонеа христијанската вера. Први за проповедање на забранетата вера Света Параскева ја обвинија зли Евреи. Ја изведоа на суд пред царот Антонин. Сите ласкања на царот не помогнаа ни најмалку да ја поколебаат Божјата слугинка во вистинитата вера. Тогаш ја подложија на огнени маки и ѝ ставија усвитен шлем на главата. Но Господ чудесно ја спаси и таа се избави и се оддалечи од Рим. Тргна од град во град да го обраќа тогашниот незнабожечки народ кон христијанското благочестие. Уште во два града беше изведувана пред кнезови и судии и мачена заради Христа, но притоа со силата Божја вршеше големи чуда и брзо се оправуваше од маките. Како што е вообичаено, незнабожците нејзините чуда ги припишуваа на магии, а нејзиното оправување на силата и милоста на нивните богови. Еднаш на кнезот мачител Света Параскева му рече: „Не ме исцелија твоите богови кнезу, туку мојот Христос, вистинскиот Бог.“ Најпосле некој кнез Тарасиј ја уби со меч. Таков беше славниот крај на многуплодниот живот на оваа светителка. Нејзините мошти подоцна ги пренесоа во Цариград. Чесно пострада за Христа во 2 век.

**Светата маченичка Параскева (Петка) 28 октомври / 10 ноември**

Родена е во градот Иконија од родители богати и христољубиви. Како девојка, по смртта на родителите, почна да им го раздава својот имот на бедните и на неволните, во името на Господ Исус Христос. Кога настана гонењето во времето на царот Диоклецијан, Параскева беше изведена на суд пред кнезот на онаа земја. Штом кнезот ја праша за името, таа рече дека името ѝ е христијанка. Кнезот ја укори зошто не си го кажува своето обично име. А Параскева му рече: „Требаше прво да ти го кажам името на вечниот живот, а потоа на привремениот.“ Откако ја биеја, кнезот ја фрли во затвор, каде што ѝ се јави ангел Господов, ја исцели од раните, и ја утеши. Со молитва ги урна сите идоли во тамошниот незнабожечки храм. После долги и лути маки ја убија со меч.

*Светителите треба да се почитуваат како пријатели Христови и како чеда и наследници Божји, како што вели Свети Јован Богослов и Евангелист:* ***А на оние што Го примија им даде власт да бидат чеда Божји. Така веќе не сте робови, туку синови. . .*** " *(Јован 1, 12)*

***Свети Јован Дамаскин***

